**ОПШТИНА БИТОЛА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2018 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
г-ѓа Наташа Петровска

Изготвувач:
Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

*Битола, март 2019 година*

Содржина:

- Вовед 2
- Годишна сметка / наративен дел 3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност 16
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности 20
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Бруто биланс сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Битола во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење.Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат териториjалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Битола произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002),Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09), Законот за буџетите (Службен весник број 64/05,04/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12, 192/15 и 167/16),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2018 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 27.12.2017 година , го донесе Буџетот на Општина Битола за 2018 година.На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2018 година.

Во текот на 2018 година се донесени три Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Битола за 2018 година ( пренамена) и тоа : на седниците на Советот на Општина Битола одржани на ден 22.05, 20.06 и 27.08.2018 година, две Одлуки за проширување на Буџетот на Општина Битола донесени на седниците на Советот на Општина Битола на ден 22.05 и 20.06.2018 година , Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Битола за 2018 година донесена на седницата на Совет на Општина Битола одржана на ден 24.10.2018 година, и измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Битола донесена на ден 14.11.2018 година. Измените и дополувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или соодност на планираните и реализираните приходи во буџетот.Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација пред се во планирањето и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Битола со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

***Даночните приходи се остварени како резултат на:***

- 37.543 решенија на данок на имот,
- 5020 решенија за фирмарина,
- 1143 решенија за купопродажба,
- 1391 решенија за наследство и подарок,
- 80 решенија за комунална такса за музика во јавни локали,
- 112 пресметки и договори за уредување на градежно земјиште,

издавање на одобренија за 90 прекопи на објекти од комунална инфраструктура,

- 11 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации,
- 19 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници , 28 изводи од лиценци,
- 132 одобренија за градење, проекти за инфраструктура, елаборати за животна средина и др.

***Неданочните приходи се резултат на:***

- 316 издадени одобренија за користење на урбана опрема, издадени
- 1244 излезни фактури за закупнини,
- 335 уверенија за куќен број,
- 2.201 изводи од план,
- 700 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар (физичка делба,промена на култура, легализација и др),имотни листови , историјати, исправки на технички грешки и др приходи.

***Дел од капиталните приходи*** се остварени како резултат на изготвени 167 урбанистички согласности и пресметки за надомест за бесправно изградени објекти.

***Трансферите ги сочинуваат*** трансферите од Агенцијата за патишта за средства од зимската служба, Дотациите од ДДВ, трансфери од Министерство за култура за битолско лето, Министерство за транспорт и врски за проект од Декада на ромите ( Бадембалари 4 и Баир 3), и Министерство за животна средина за средства од надоместокот за фосилни горива.

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **690.104.699** | **533.255.931** |
| **71 Даночни приходи** | **392.176.700** | **356.300.934** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 21.150.000 | 23.414.948 |
| 713 Даноци на имот | 173.400.000 | 148.694.949 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 177.566.700 | 165.539.003 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење дејност | 20.060.000 | 18.652.034 |
| **72 Неданочни приходи** | **67.264.456** | **34.502.736** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 4.000.000 | 3.333.226 |
| 723 Такси и надоместоци | 12.000.000 | 11.634.237 |
| 725 Други неданочни приходи | 51.264.456 | 19.535.273 |
| **73 Капитални приходи** | **76.106.195** | **18.744.158** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 76.106.195 | 18.744.158 |
| **74 Трансфери и донации** | **154.557.348** | **123.708.103** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 154.557.348 | 123.708.103 |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 90,85 %**

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 21.150.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 23.414.948,00 денари или 100 %.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 173.400.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 148.694.949,00 денари или 85,75 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 177.566.700,00 денари остварени приходи се во износ од 165.539.003,00 денари, или 93,23%.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 20.060.000,00 денари остварени се 18.652.034,00 денари, 92,98 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 51,29 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 4.000.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.333.226,00 денари или 83,33%.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 12.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 11.634.237,00 денари, или 96,95 %.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 51.264.456,00 денари, остварени приходи се во износ од 19.535.273,00 денари , или 38,11%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 24,63 %**

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 76.106.195,00 денари, остварени се приходи од 18.744.158,00 денари или 24,63 %.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 80,04%**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 154.557.348,00 денари, остварени се приходи во износ од 123.708.103,00 денари или 80,04 %.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2018 година се реализирани со 77,27 %.**

## На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **105.861.774** | **52.838.686** |
| **72 Неданочни приходи** | **105.861.774** | **52.838.686** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | 1.490 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 2.000 | 20.255 |
| 723 Такси и надоместоци | 95.802.000 | 48.196.247 |
| 724 Други Владини услуги | | 1.490 |
| 725 Други неданочни приходи | 10.057.774 | 4.619.204 |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 49,91%.** Пооделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

## На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **78.619.676** | **19.650.292** |
| **74 Трансфери и донации** | **78.619.676** | **19.650.292** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | 3.281.450 |
| 742 Донации од странство | 74.103.176 | 13.485.592 |
| 744 Тековни донации | 4.516.500 | 2.883.250 |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи.

До крајот на 2018 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 78.619.676,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки на оваа сметка има остварување на приход од 19.650.292,00 денари или 24,99 %.

**На сметката Заеми планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **115.640.648** | **37.493.668** |
| **75 Домашно задолжување** | **115.640.648** | **37.493.668** |
| 754 Домашно задолжување | 115.640.648 | 37.493.668 |

Во текот на 2018 година од Заемот од Светска банка , Општина Битола оствари приход од 37.493.668,00 денари од планираните 115.640.648,00 денари или 32,42%.



## 2.2 Расходи на Општината

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Битола.Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Битола утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикажува по видови по сметкии и програми.Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 23 програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2018 година, е извршена како резултат на спроведени **124 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2283 фактури** во одделението за сметководство и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на Р.М. бр 61/04, 96/04 и 156/09).

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **690.104.699** | **448.463.304** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **68.631.360** | **64.852.197** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 43.674.800 | 41.528.883 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 15.781.560 | 15.114.557 |
| 404 Надоместоци | 9.175.000 | 8.208.757 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **400.000** | |
| 412 Постојана резерва | 200.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **185.297.363** | **129.067.800** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.486.000 | 482.955 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 62.775.000 | 46.241.603 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 5.703.247 | 2.577.881 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 76.279.132 | 57.571.666 |
| 425 Договорни услуги | 17.803.984 | 6.491.571 |
| 426 Тековни расходи | 16.430.000 | 11.838.649 |
| 427 Привремени вработувања | 4.820.000 | 3.863.475 |
| **45 Каматни плаќања** | **31.000** | **30.128** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 31.000 | 30.128 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **61.111.000** | **51.500.548** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 37.375.000 | 35.490.000 |
| 464 Разни трансфери | 22.136.000 | 14.772.126 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 1.600.000 | 1.238.422 |
| **47 Социјални бенифиции** | **6.000.000** | **5.265.248** |
| 471 Социјални надоместоци | 6.000.000 | 5.265.248 |
| **48 Капитални расходи** | **360.839.821** | **189.953.228** |
| 480 Купување на опрема и машини | 5.534.000 | 3.862.938 |
| 482 Други градежни објекти | 344.655.821 | 182.520.644 |
| 483 Купување на мебел | 200.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 10.450.000 | 3.569.646 |
| 491 Отплата на главнина | 7.794.155 | 7.794.155 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




### *Вкупни тековни оперативни расходи:*

Ставка 401-Основни плати и надоместоци реализирани се расходи во во износ од 41.528.883,00 од вкупно планираните во буџетот 43.674.800,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 15.114.557,00 денари од вкупно планирани во буџетот 15.781.560,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 8.208.757,00, денари од планираните 9.175.000,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 413- Тековни резерви е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 482.955,00 денари од планираните 1.486.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 46.241.603,00 ден, од планираните 62.775.000,00 денари.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки реализирани се во износ од 2.577.881,00 денари, од планираните 5.703.247,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во во износ од 57.571.666,00 денари од планираните 76.279.132,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 6.491.571,00 денари од планираните 17.803.984,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 11.838.649,00 денари, од планираните 16.430.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427-Привремени вработувања реализирани се трошоци во износ од 3.863.475,00 денари, од планираните 4.820.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања за домашно задолжувањње реализирани се трошоци во износ од 30.128,00 денари, од планираните 31.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 35.490.000,00 ден, од планираните 37.375.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 14.772.126,00 ден, од планираните 22.136.000,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи реализирани се трошоци во износ од 1.238.422,00 ден, од планираните 1.600.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 5.265.248,00 ден, од планираните 6.000.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480-Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 3.862.938,00 ден, од планираните 5.534.000,00 денари

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 182.520.644,00 ден, од планираните 344.655.821,00 денари.

Ставка 483-Купување на мебел планирани се средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, реализирани се расходи во износ од 3.569.646,00 од планираните 10.450.000,00 денари.

Ставка 491-Отплата на главнина од планираните 7.794.155,00 денари се реализирани исто толку средства во висина од 7.794.155,00 денари.

Поединечно програмата А0 - Совет на општина е остварена со 60,75%, В1-Детски градинки е остварена со 81,37%, Г1- ЛЕР е остварена со 45,70%, Г2- Развој на туризмот остварена со 0,22%, Д0- Градоначалник со 66,81%, Д1- Месна самоуправа е остварена со 64,69 %, Е0- Општинска администрација 80,89 %, Ј3- Јавно осветление 59,18%, Ј4- Јавна чистота 97,51 %, Ј6-Одржување и заштита на локални патишта 42,12 %, Ј7- Одржување и користење паркови и зеленило 100%, ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување во Арм четврт 1 и 2 со 95,29%, ЈД- Изградба и реконструкција на улици и патишта 47,74 %,ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа улица СРУ 1 ( АРМ четвр 1 и 2) е остварена со 70,97%, ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи) е реализирана со 73,81%, ЊО-Противпожарна заштита со 74,81 %, Р1-Заштита на животната средина и природа со 85,65%, РА-Заштита на животната средина и природа (капитални трошоци) со 95,92%, Ф1-Урбанистичко планирање со 16,23% .

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од **64.852.197,00 денари** .

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од **482.955,00 денари.**

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе реализирана е вкупен износ од **46.241.603,00 денари.**

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , реализирана е со вкупен износ од **2.577.881,00 денари.**

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата ,поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, реализирана е во износ од **57.571.666,00 денари.**

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија и др ), консултански услуги, вкупната реализација е во износ од **6.491.571,00 денари.**

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од **11.838.649,00 денари,** најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола,спроведување на решенија за експропријација, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од **3.863.475,00 денари.**

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од **30.128,00 денари,** а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од **35.490.000,00 денари**, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми ќе наведеме некои организации на кој сме дале финансиска подршка:ЗГ 22 Нентори,ЗГ Ромско јато, Организација на жени, ЗГ Креатив, Асоцијација за уметност Алексовски, Здружение на Млади Хуманисти,Здружение за меѓународна младинска соработка Интерактив,Здружение за еднакви можности Семпер, ЗГ КЛЕА-женска граѓанска иницијатива,Центар за човекови права АМОС,Здржение на жени Престиж,Здржение на еднородителски семејства,Креативен центар за млади,Здружение за европска интеграција Европска гледна точка,Здружение за заштита на правата на жените Ернестин,Здружение на земјоделци Современо земјоделство,Пчеларско здружение Нектар, ЗГ Биосфера, ЗГ Мали херои, Здружение на лица со посебни потреби Емануил,Центар за културна деконтаминација, ЗГ Младински културен центар,Журналист-здружение на граѓани за слободен говор и професионално известување, ЗГ Промедиа, Македонско научно друштво, Тениски клуб Битола, Атлетски клуб Пелистер, Велосипедски клуб Екстрим бајк,Шаховски клуб 4-ти ноември, Пливачки клуб ЈУГ, ФК Пелистер, РК Пелистер, КК Пелистер, регонални рурални спортски фудбалски клубови и др.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од **14.772.126,00 денари** и тоа за плаќања по судски решенија , за трансфери при пензионирања,трансфери по основ на решенија за боледување подолго од 6 месеци, трансфер до Центарот за развој на Пелагонискиот регион според бројот на жителите, трансфери по основ на субвенции за печки на пелети и велосипеди , трансфери за културни манифестации од програмата за Култура за 2018 година и др.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од **1.238.422,00 денари** и тоа за плаќања на трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од **5.265.248,00 денари** е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од **3.862.938,00 денари** и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема, и др опрема.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи ( улици, патишта, водоводи,канализација и др) на општината и е реализирана со вкупен износ од **182.520.644,00 денари.**

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од **3.569.646,00 денари** , за експропријација и за купување на комјутерски софтвер.

**Ставка 491 Отплата на главнина** реализирана е во износ од **7.794.155,00 денари**, за отплата на прва рата главнината за кредитот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **105.861.774** | **41.987.321** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **3.591.000** | **2.623.899** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 2.622.000 | 1.914.986 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 969.000 | 708.913 |
| **42 Стоки и услуги** | **82.578.700** | **35.188.489** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.782.000 | 113.504 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 9.021.500 | 4.702.300 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 39.236.400 | 19.729.590 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 12.684.600 | 2.905.954 |
| 425 Договорни услуги | 13.065.700 | 4.956.973 |
| 426 Тековни расходи | 6.638.500 | 2.780.168 |
| 427 Привремени вработувања | 150.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **4.078.574** | **772.853** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 4.078.574 | 772.853 |
| **48 Капитални расходи** | **15.613.500** | **3.402.080** |
| 480 Купување на опрема и машини | 7.647.000 | 1.345.061 |
| 481 Градежни објекти | 460.000 | |

| | | |
|---|---|---|
| 482 Други градежни објекти | 3.280.000 | 1.117.378 |
| 483 Купување мебел | 660.000 | 29.870 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 1.066.500 | 7.484 |
| 486 Купување на возила | 2.500.000 | 902.287 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 2.622.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 1.914.986,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 969.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 708.913,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 1.782.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 113.504,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 9.021.500,00 денари, реализирани се средства во висина од 4.702.300,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 39.236.400,00 денари реализирани се средства во висина од 19.729.590,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 12.684.600,00 денари, реализирани се средства во висина од 2.905.954,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.065.700,00 денари реализирани се средства во износ од 4.956.973,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 6.638.500,00 денари, реализирани се во износ од 2.780.168,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 150.000,00 денари, не се реализирани средства до крајот на годината.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 4.078.574,00 денари,реализирани се средства во износ од 772.853,00 денари.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 7.647.000,00 денари, реализирани се средства ви висина од 1.345.061,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 460.000,00 денари, не се реализирани трошоци до крајот на годината.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.280.000,00 денари, реализирани се трошоци во висина од 1.117.378,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 660.000,00 денари, реализирани се трошоци во висина од 29.870,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 1.066.500,00 денари, реализирани се средства во висина од 7.484,00 денари.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 2.500.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 902.287,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1- Детски градинки со 40,28 %, В2 -Дом за стари лица со 70,24 %, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 31,75 %, Н1-Основно образование со 19,34 %, и Н2- Средно образование со 24,23%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **78.619.676** | **19.650.292** |
| **42 Стоки и услуги** | **54.122.776** | **14.087.295** |
| 420 Патни и дневни расходи | 32.015.559 | 11.166.688 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 519.466 | 12.537 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.970.069 | 1.091.056 |
| 425 Договорни услуги | 12.604.661 | 1.450.740 |
| 426 Тековни расходи | 4.013.021 | 366.274 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **1.568.500** | **600.557** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 1.568.500 | 600.557 |
| **48 Капитални расходи** | **22.928.400** | **4.962.440** |
| 480 Купување на опрема и машини | 823.400 | 180.985 |
| 482 Други градежни објекти | 21.880.000 | 4.781.455 |
| 483 Купување мебел | 195.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 30.000 | |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се ралзирани во износ од 18.404.151,00 денари од планираните 66.408.732,00 денари или 27,71 %.

**Донација-Проект Рехабилитација и адаптација на на локален пат и цефковод с. Лавци** реализирани се средства во износ од 1.246.141,00 денари од планираните 7.380.000,00 денари или 16,89%

**Донациите Кино култура , Бенефит,** се испланирани со средства во висина од 4.830.944,00 денари и не се реализирани до крајот на годината.

**На сметката Заеми на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **115.640.648** | **37.493.668** |
| **48 Капитални расходи** | **115.640.648** | **37.493.668** |
| 482 Други градежни објекти | 115.640.648 | 37.493.668 |

Од ставката 482 Други градежни објекти реализирани се средства во висина од 37.493.668,00 денари од планираните 115.640.648,00 денари, или 32,42% реализација за изградба на инфраструктура во АРМ - четврт 1 и 2.



## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.
Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.
За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:

| | |
|---|---|
| Вера Китановска - | Претседател |
| Ленче Петровска- | член |
| Снежана Петровска - | член |
| Сузана Николовска - | зам. член |

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 7.100.347,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 4.978.031,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **2.122.316,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер, софтвер за подршка на бекап податоците и др).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **96.664.813,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација и донација полигон за обука на возачи (кп бр 33/2 одобрение за градба уп 30-222/2018 од 30.11.2018).

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 804.319.377,00 денари |
| Исправка на вредноста | 43.672.814,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **760.646.563,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште, Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков и други.

**Станови и деловни објекти** 96.231.059,00 денари
Исправка на вредноста 21.423.529,00 денари
**Сегашна вредност на објектите** **74.807.530,00 денари**

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 3 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште и др.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

**Опрема** 102.267.371,00 денари
Исправка на вредноста
на опремата 82.144.928,00 денари
**Сегашна вредност** **20.122.443,00 денари**
Набавната вредност на опремата е зголемена за ново набавени 44 статични компјутери, 39 преносни компјутери, 20 монитори, 20 печатари,донација од Дирекција за заштита и спасување пумпен агрегат и др.

**Други материјални средства** **22.570.499,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек** **141.204.772,00 денари**

Во инвестиции во тек останува во евиденција изградбата на Киното Манаки, топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе кој ја зголемува вредноста на инвестициите во тек за изведените активности во 2018 година.

**Долгорочни финансиски вложени**
**и здружени средства** **1.928.608.527,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, АД ФК Пелистер со Одлука на Совет на Општина Битола 07-15/25 од 04.07.2012 година, АД РК Пелистер и др каде основач е Општината Битола .

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци** **74.318.576,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура на 14 улици во АРМ- четврт 1 и 2.

**Пари на жиро сметка** **109.374.367,00 денари**
**Парични средства во касата** **0**
**Бонови за гориво** **145.000,00 денари**

**Побарувањата се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од **134.718.185,00 денари**,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа **4.567.930,00 денари**, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема **4.280.568,00 денари**, побарувања од купувачи-надоместок за користење на автобуски стојалишта **3.882.980,00 денари**.
Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од **133.358.040,00 денари**, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од **6.001.376,00 денари**.

**Побарувања за дадени аванси кон добавувачи** **14.841,00 денари**.
Евидентираните побарувања за аванси во најголем дел се за извршени услуги за кои добавувачите бараат авансно плаќање.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **98.000,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **167.578.622,00 денари.**
Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски(ел.енергија,превоз,нафта-163.247.483,00 денари), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во с. Долно Оризари од 2014 година и село Дихово и Нижополе од 2016 година (2.661.177,00 денари), и побарувања од МТВ за комунална инфраструктура во населба Баир и Баденбалари во износ од 1.669.962,00 денари.

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **37.090.194,00 денари.**
Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2019 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2018 година (28.257.182,00 денари).Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2019 година. Обврските се однесуваат и на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба 6.511.772,00 денари).Обврски за судски постапки во тек и завршени со добиени судски пресуди во најголем дел се однесуваат на судски спорови со вработените во ТППЕ - Битола 1.952.840,00 денари, и спорни обврски за експропријација во износ од 368.400,00 денари.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **332.100,00 денари.**
Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Краткорочни финансиски обврски** во износ од **16.183.611,00,00 денари.**
Во овие обврски се евидентираат, обврските на Општина Битола за враќање на парите од Заемот од Светска банка за АРМ четврт 1 и 2 кои се доспеани за плаќање или доспеваат во наредната година и тоа главница и камата.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **502.365,00 денари.**
Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2018 година, кој се исплаќа во јануари 2019 година.

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од 241.977,00 денари.**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор.

**Обрските спрема државата и други институции 92.710,00 денари.**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2018 година и обврската за персонален данок за авторското дело за поставување на споменикот на Александар Турунџев.

**Пресметка и обврски за плати 4.726.877,00 денари.**
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2018 година.

**Материјали на залиха** се во износ од **3.827.869,00 денари.**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.

**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **2.936.847,00 денари.**

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција 3.124.893.908,00 денари**.
се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М (објект на КП 17575/1 Спортско-рекреативен комплекс спортска сала Младост, двор и паркинг на истиот објект, котлара и санитарии, со Одлука на Владата на Р.М. бр 41-1877/1 од 20.03.2012 година и Одлука од Советот на Општина Битола за прифаќање трајно користење на недвижниот имот број 07-12/29 од 08.05.2012 година, објект на Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков Битола со Одлука на Советот на Општина Битола број 07-15/22 од 04.07.2012 година, 1 објект во касарна, даден со Одлука на Влада на Р.М. број 51-997/1 од 22.02.2011 година, објектите на КП број 7424 во Општинскиот двор зградите и гаражите, дел од капиталните инвестиции на општината (изградени водоводни и канализациони системи на улиците во АРМ - четврт 1 и 2, градскиот Стадион под Тумбе кафе , улици во с. Долно Оризари, реконструкција на улица Димитар Робев, улица Кузман Ј.Питу и други улици) и залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, Радио Битола вториот спрат, ќумурното игралиште,фудбалско игралиште во с. Горно Оризари, фудбалско повеќенаменско игралиште во основното училиште Даме Груев, двете тениски игралишта, добиените средства од домашно задолжување, канализација за АРМ четврт 1 и 2, улица 8 ми септември, дел од улица Булевар 1-ви мај, улица Кузман Јосифовски, улица Рашанец, водовод с. Лавци, водовод улица Климент Охридски,улица Ѓорѓи Наумов- Лавчански пат и колектор Бегова чешма,старата сала на советот,донациите за полигонот за обука на возачи од АМС и пумпната станица од Дирекцијата за заштита и спасување,мерач на звук, два компјутери и софтвер за мапирање на бучавата добиени од Министерството за животна средина и др.

При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности**

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **182.520.644,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **2.607.218,00 денари** .Проектите и елаборатите се изготвени за следните улици: Леринска,Стив Наумов,Ѓорѓи Наумов,Стерјов Ѓорѓи Џоџа и дел од паркиралиште на ул 13-ти јули,локален пат во с. Брусник, проект за режим на сообраќај на улица 8ми септември, 13-ти јули, изработка на основен проект изградба на коловоз на улици во СТУ1 и СТУ 2,основен проект за изградба на коловоз на улица Димитар Робев и М.А.Ченто до спој со улица Новачки пат и др.

**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **49.912.139,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: Широка, Даме Груев во нас Мал Париз ,Апостол Здравевски,тротоари и пристапни скалници на Булевар 1-ви мај, пристапен пат до фабриката Кромберт и Шуберт во ИЗ Жабени, санација на тротоари и партерно уредување во Битола,реконструкција на гранитни плочки во Битолската чаршија,санација на сообраќајници со поставување на тампон од дробен камен,реконструкција на коловоз на улица Големо Езеро,санација на ударни дупки на територија на Општина Битола,реконструкција на коловоз на улица Љубојно,реконструкција на коловоз на улица Кузман Јосифовски,крпење на ударни дупки во општината и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ **од 1.717.280,00 денари** и тоа за изградба на пречестителна станица,проект за заштита на животната средина за инфраструктурни приклучоци за пречистителната станица,изработка на елаборат за заштита на животната средина за колектор од поранешната река Курделес до спој со улица 16-та,ревизија на проект за реконструкција и надградба на мешовит колектор на ул 16-та,ревизија на проект за надградба на мешовит колектор на улица Партизанска,Солунска,ревизија на проект за линиска инфраструктура кон главен собирен колектор за отпадни води,елаборат за нумерички податоци од с. Кравари до од главен пат до собирен колектор,елаборат за нумерички податоци за фекална канализација на улица Ѓорѓи Наумов-лавчански пат,елаборат за заштита на животната средина и здравјето на луѓето за фекална канализација колектор за отпадни води с. Буково и др.

**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **51.858.762,00 денари,** за фекална канализација на ул Рашанец во Горно Оризари, изградба на атмосферска канализација ви ИЗ Жабени, изградба на атмосферска канализација во АРМ четврт 1 и 2, изградба на атмосферска и фекална канализација на СРУ 5, СРУ6,СРУ7 во АРМ 1, изградба на атмосферска и фекална канализација во с. Долно Оризари, изградба на атмосферска и фекална канализација на СРУ 9 и СТУ 10, дупчење и минирање за фекална канализација СТУ 7 и СТУ 12 во АРМ изградба и реконструкција на атмосферска канализација на улица 8-ми септември, колектор за одведување на отпадни води Бегова чешма,реконструкција на мешовита канализација на улица Климент Охридски,изградба на фекална канализација на дел од улица Ѓорѓи Наумов, изградба на колектор за фекални отпадни води за Бегова чешма од Шумски фенери до Шаторот, употреба и одржување на мешовита канализациона мрежа на улица Кузман Јосифовски, изградба на цевасти пропусти на територија на општина Битола, употреба и

одржување на мешовита канализација на улица Булевар 1- ви мај,покривање на постоечки канал во АРМ и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **742.87900 денари**, за проекти и елаборати на водоводни мрежи на улиците во с. Лисолај, с. Канино, с. Велушина, с. Лавци и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **3.910.206,00 денари** и тоа : реконструкција на водоводна линија на улица Михајло Апостоловски Дончо,изведба на водоводна линија на дел од СРУ 5 во АРМ четврт 2, реконструкција на водоводна линија на улица Кузман Јосифовски,реконструкција на водоводна линија на улица Рашанец,реконструкција на водоводна линија на улица Булевар 1-ви мај ( од Безистен до Мојсов мост),реконструкција на водоводна линија на патот за с Лавци и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **241.560,00 денари**, и тоа за конзерваторски проект и ревизија за изградба на улично осветление на дел од улица Ѓ.С.Џоџа и улица 13-ти јули,проект за електрика во Спортска сала Младост,изработка на елаборат за енергетска ефикасност за реконструкција со адаптација на спортска сала Младост и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **1.791.548,00 денари** и тоа поставување на улично осветление на улица Широка, улица Големо Езеро,инвестиционо одржување за кабелска подземна мрежа,пристапување кон приклучување на дистрибутивна мрежа на ромите во населба Бадембалари, одржување на инсталации за греење во Општинската зграда, основните училишта ОУ Кирил и Методиј, ОУ Елпида Караманди, ОУ Климент Охридски, ОУ Гоце Делчев,ОУ Тодор Ангелевски, ОУ Ѓорѓи Сугарев, ОУ Стив Наумов, одржување на инсталации за греење во градинките Мајски цвет и Естреја.О.Мара,средните училишта д-р Јован Калаузи, Јосип.Б.Тито, Таки Даскало,Кузман Шапкарев, и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **1.700.687,00 денари,** и тоа проектна документација и ревизија за реконструкција и адаптација на термотехнички инсталации во спортска сала Младост, АУП од ЛУПД за изградба на полигон за возачи во Г.Оризари,општ акт за с.Лопатица,елаборат за животна средина за изградба на потпорен сид на р.Драгор, измена и дополнување на програмата за урбана опрема-поставување на маркици за спортски реквизити,поставување на станица за полнење електрични возила,проект за адаптација на спортски терен во ОУ Кирил и Методиј,изработка на ажурирана геодетска подлога за Пречестителна станица и др.

**Изградба и реконструкција на други објекти** потрошени се средства во износ од **65.560.806,00 денари** и тоа за изградба на отворено спортско игралиште во с. Крклино, градежно занаетчиски работи во М.З. с. Секирани,градежни материјали за поправки и санација во основните училишта ОУ д-р Трифун Пановски, ОУ св.Климент Охридски, ОУ Ѓорѓи Сугарев, ОУ Тодор Ангелевски, СОТУ Ѓорѓи Наумов, изградба на северна трибина на фудбалскиот стадион под Тумбе кафе,санација на фонтана пред градската галерија , работа со машини за вградување на материјали на пат с. Новаци, градежно- занаетчиски работи во У.З Јонче Мурџевски,столарски работи во М.З. Трета реонска,градежно-занаетчиски работи во ОУ Крсте.П.Мисирков с. Бистрица, покривачки работи во училиште во с. Ротино,покривачки работи во ОУ Стив Наумов,чистење на р. Драгор (пожарна до Црн мост).
**Надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се
се средства во износ од **1.367.976,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **690.541.342** | **671.317.508** |
| **74 Трансфери и донации** | **690.541.342** | **671.317.508** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 690.541.342 | 671.317.508 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **690.541.342** | **663.376.893** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **574.504.648** | **564.736.045** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 417.766.759 | 411.848.198 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 156.737.889 | 152.887.847 |
| **42 Стоки и услуги** | **100.918.323** | **94.835.128** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 55.458.081 | 51.154.469 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 4.039.456 | 3.821.860 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 839.211 | 761.692 |
| 425 Договорни услуги | 40.581.575 | 39.097.107 |
| **48 Капитални расходи** | **15.118.371** | **3.805.720** |
| 480 Купување на опрема и машини | 300.000 | 259.850 |
| 482 Др.градежни работи | 13.557.848 | 2.367.050 |
| 483 Купување на мебел | 1.260.523 | 1.178.820 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 671.317.508,00 денари, од планираните 690.541.342,00 денари, или 97,22 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 663.376.893,00 денари од планираните 690.541.342,00 денари или 96,07 % и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 411.848.198,00 денари, од планираните 417.766.759,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 152.887.847,00 денари, од планираните 156.737.889,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 51.154.469,00 денари од планираните 55.458.081,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 3.821.860,00 денари, од планираните 4.039.456,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 761.692,00 денари, од планираните 839.211,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 39.097.107,00 денари, од планираните 40.581.575,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини реализирани се средства во висина од 259.850,00 денари од планираните 300.000,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 13.557.848,00 денари, потрошени се 2.367.050,00 денари .

Ставка 483-Купување на мебел бил планиран износ од 1.260.523,00 денари,се менува и гласи 1.178.820,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 -Детски градинки е 79,26%, В2 -Дом за стари лица 88,54%, К3- Музејска и кинотечна дејност е 91,56% Н1- Основно образование со 99,60 %, Н2- Средно образование со 97,68 %, и програмата Ђ0-Противпожарна заштита со 88,08 %.

Резултатите во 2018 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 20 седници на кои беа разгледани 431 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 20 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-30/5**
**14.03.2019 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**